**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, февруари, 2015 година**

Врз основа на член 45 став 1 точка 1 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-469/I-2 од 21.01.2015 година ( пречистен текст) Собранието на Банката на XXXVI-тата седница одржана на ден 25.03.2015 година, донесе,

**ОДЛУКА**

**за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Во Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-469/I-2 од 21.01.2015 година ( пречистен текст), во член 69 став 3 точка 19 „ги разгледува изложеностите спрема поединечно лице од над 5% од сопствените средства на Банката'' се брише.

**Член 2**

Во член 71 став 2 се менуваат и гласи:

„ Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на надзорниот одбор од кој најмалку еден е независен член''.

**Член 3**

Во член 76 ставот 2 се врши корекција во повикувањето на членот од Статутот кој се однесува на постоењето на судирот на интереси кај членовите на надзорниот одбор, па наместо досегашното повикување на членот 108 се врши корекција и во иднина ќе стои соодветниот член односно членот 105 од Статутот, па во иднина корегираниот член 76 ставот 2, гласи:

„Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за'' и „против'' за одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за'' и „против'' да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира на записникот. Членот кој има судир на интерес ќе постапи согласно одредбите од член 105 од Статутот на Банката ''.

**Член 4**

Во член 112 во ставот 3 се додава точка 10 и истовремено се врши корекција на членот на кој се врши повикувањето во врска со банкарската тајна, па во иднина член 112 став 1, 3 и 4 ќе гласат :

„Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во Банката, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од член 111 од овој Статут се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

Ако податоците се даваат на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за потребите на вршење на работите од нивните надлежности и во согласност со прописите за заштита на личните податоци само доколку Банката склучи меморандум за соработка со овие институции''.

Лицата кои согласно став 3 од овој член дошле до документите, податоците и информациите од член 111 од вој Статут се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со закон.“

**Член 5**

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнувања на оваа Одлука на барање на Народна банка на Република Македонија.

Собранието го овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

СО.бр.02-2383/II-12
25.03.2015

**СОБРАНИЕ**
**на Стопанска банка а.д. Битола**
**Претседавач**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**кон**

**Предлог-одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола**

Предметните измени и дополнувањата на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола се вршат како резултат на потребата за усогласување на членовите од истиот со новите законски измени, нивно допрецизирање како и корекција на одредени неусогласености согледани при неговото ревидирење.

Предметните измени и дополнувања се однесуваат на член 69, член 71, член 76 и член 112 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола.

Имено во членот 69, поконкретно ставот 3 точка 19 каде Надзорниот одбор „ги разгледува изложеностите спрема поединечно лице од над 5% од сопствените средства на Банката'' се брише.

Во член 71 се врши измена на став 2 со тоа што се врши прецизирање на потребното мнозинство за полноправно одлучување на надзорниот одбор, при што се нагласува потребата од присуството на најмалку еден независен член за полноправно одлучување на надзорниот одбор.

Со оглед на фактот дека во членот 76 став 2 од Статутот на Банката е воочено неправилно повикување на соодветен член од истиот потребно е да се изврши корекција на Статутот во тој дел.

Воедно со новите измени и дополнувања на Законот за банките ( Сл.весник на РМ бр.50/15) се јави потреба да се изврши измена и дополнување на одредбите од Статутот кои се однесуваат на делот за банкарска тајна т.е. обврската за достава на податоците и информациите, па врз основа на истите се врши дополнување на нова точка 10 во став 3 од член 112 од Статутот. Исто така како резултат на воочена неправилност при повикувањето во истиот член, конкретно во ставовите 1 и 4 потребно е да се изврши корекција и исправка.

Согласно наведеното се јави потреба за измени и дополнувања на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, заради што се предлага Надзорниот одбор на Банката да ја усвои Предлог-одлуката за измени и дополнувања на Статутот и да ја предложи истата за донесување пред Собранието на акционерите на Банката.

**Надзорен одбор на**

**Стопанска банка а.д. Битола**

**Г-дин Ненад Јосифовиќ - претседател**